Врз основа на член 44 и член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), врз основа на член 30 од Статутот на ЈЗУ Универзитетска клиника за Урологија - Скопје, врз основа на Правилникот за систематизација на работни места во ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија Скопје, Правилникот за изменување и и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија Скопје арх. број 02-685/2 од 29.04.2025 година, Изменетиот годишен план за вработување за 2025 година наш арх. број 04-486 од 11.03.2025 година, Согласноста за вработување на 29 лица од Министерство за здравство број 10-3339/2 од 19.03.2025 година, Известувањето од Министерство за финансии за давање на финансиска согласност за вработување на 29 лица арх број 19-4759/2 од 02.05.2025 година, Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување на кандидати со најголем број освоени бодови број 10-2050/11 од 26.12.2025 година, Директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за Урологија - Скопје на ден 30.12.2025 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За избор на четири кандидати по спроведен јавен оглас за вработување на 5 јавни службеници на неопределено време број 912/2025, објавен од Агенцијата за администрација, односно

1. Еден (1) извршител на работно место Архивар III – помлад референт со шифра ЗДР 01 02 Г04 013 во одделение за човечки ресурси, Сектор за административни – правни и општи работи, човечки ресурси и јавни набавки, со идентификациски код F2B2556, Авни Исмани, со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 73.34,
2. Еден (1) извршител на работно место Помлад референт фактурист со шифра ЗДР 01 02 Г04 006, Одделение за сметководство, Сектор за материјално финансиски работи и сметководство, со идентификациски код 0C6B404, Теодора Димоска, со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 85.69
3. Еден (1) извршител на работно место Помлад референт администратор (амбулантско лекување) со шифра ЗДР 01 02 Г04 002, Одделение за материјално-финансиско работење, Сектор за материјално финансиски работи и сметководство, со идентификациски код 9003548, Сузана Станојковска, со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 72.18
4. Еден (1) извршител на работно место Помлад референт администратор (болничко лекување) со шифра ЗДР 01 02 Г04 001, Одделение за материјално-финансиско работење, Сектор за материјално финансиски работи и сметководство, со идентификациски код 58A3B17, Иван Младеновски, со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 78.22

За работното место Самостоен референт за кадрови работи (човечки ресурси) со шифра ЗДР 01 02 Г01 007, Одделение за човечки ресурси Сектор за административни – правни и општи работи, човечки ресурси и јавни набавки нема кандидат кој се квалификува за вработување.

Горенаведените избрани лица ќе отпочнат со работа по добивањето на решенијата за вработување и потпишувањето на Договорот за вработување со ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 30.07.2025 година во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Коха и на интернет страницата на Агенцијата за администрација на Р. С. Македонија објавен е јавен оглас број 912/2025 за вработување на 5 административни службеници во ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија – Скопје.

По објавувањето на огласот број 912/2025, Директорот на Агенцијата за администрација на Р.С. Македонија донесе решение Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас со број 10-2050/6 од 19.11.2025 година.

Горенаведената Комисија за селекција за вработување по јавен оглас спроведе административна селекција на ден 11.12.2025 година и донесе Записник од извршената административна селекција за административен службеник со број 10-2050/7 од 11.12.2025 година.

На ден 22.12.2025 година се спроведе испит за административен службеник и се донесе Записник од спроведен испит за административен службеник со број 10-2050/9 од 22.12.2025 година.

На ден 25.12.2025 година Комисијата за селекција на вработување по јавен оглас спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник и изготви Записник од спроведена проверка од веродостојноста на докази и интервју за административен службеник со број 10-2050/10 од 25.12.2025 година.

По спроведената постапка од страна на Комисијата за селекција на кандидати за вработување по јавен оглас формирана од страна на Агенцијата за администрација , до ЈЗУ Универзитетска Клиника за урологија беше доставена Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 912/2025 со број 10-2050/11 од 26.12.2025 година.

Врз основа на горенаведеното, директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од нејзино објавување на интернет станицата и на огласната табла на Агенција за администрација

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволните кандидати имаат право да поднесат жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавување на Одлуката за избор на кандидати на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

+

Доставено до:
- Агенција за администрација
- Агенција за вработување
- избраните кандидати
- архива
- одделение за човечки ресурси

ДИРЕКТОР
Науч. сор. д-р Башким Шабани